# In memoriam

## КИРИЛ ПАСПАЛОВСКИ
(1939 - 2012)

Роден е во Битола, на 24 септември 1939 година, во службеничко семејство. Татко му работеше како книговодител во неколку претпријатија, а мајка му беше домаќинка.

По основното училиште, завршува средно гимназиско образование во Гимназијата „Јосип Броз Тито“, во истата во која пред многу години порано завршил и неговиот татко а подоцна и неговите деца.

Завршил Филозофски факултет – група Историја на книжевноста на народите на СФРЈ со македонски јазик, стекнувајќи се со право и стручен назив – професор по историја на книжевностите на СФРЈ.

Имал среќа на факултетот да му предаваат многу македонски авторитети, меѓу кои и најзначајниот македонски литературно-национален деец, професорот и академик Блаже Конески. Тој секогаш нагласуваше дека е горд што му беа професори врвни македонски имиња од кои и неколку академици.

По завршувањето на факултетот две години работеше во Австралија. Во 1970 година, се враќа во Битола и се вработува во Историскиот архив, во одделот за надворешна контрола на документација. Во истата година се стапува во брак, а подоцна добива ќерка и син. По неколкугодишна работа во архивот, од 1 јануари 1977 г. се префрли во Заводот за заштита на спомениците на културата, музеј и галерија како администратор, документатор и библиотекар. Со голема љубов се внесува во оформувањето и поставувањето на стручно ниво на библиотеката, средувајќи го големиот библиотечен фонд. Воспостави богата соработка со слични институции во земјава и странство, остварувајќи богата взаемна размена на книги и списанија а притоа во голема мера и го збогати фондот на библиотеката на НУ Завод и музеј. Се пензионира во 2001 година.

До крајот на својот работен век останува во оваа институција. Почина во 2012 година.